# С Т А Т У Т
# на СВТ Алумни Скопје

Скопје, 01.12.2012 година

Врз основа на член 4, 6, 18, 23 и 25 од Законот за здуженија на граѓани и фондации (Сл.весник на РМ бр. 31/98), Собранието на Здружението СВТ Алумни Скопје, на седницата орджана на 19.12.2012 година, донесе:

# С Т А Т У Т

## на СВТ Алумни Скопје

**ВОВЕД**

Здружението **СТВ Алумини Скопје** (во понатамошен текст: СВТ) е здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања, како и заради вршење на дејности и активности со цел подобрување и унапредување на положбата и статусот на студентите кои биле дел од програмата USA Summer Work & Travel.

СВТ како здружение на граѓани своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите уредени со Уставот на Република Македонија, Законот за здруженија и фондации, со овој Статут како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

СВТ има статус на правно граѓанско лице.

СВТ дејствува и работи на територија на Република Македонија, но остварува и широка меѓународна соработка.

Целите и задачите што ѓи врши СВТ се од јавен интерес за Република Македонија. Работата на СВТ е јавна.

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со донесување на овој Статут се уредува работењето на Здружението СВТ Алумни Скопје.

**Член 2**

Со Статутот на Здружението се уредуваат:

1. името и седиштето
2. целите на здружението и дејностите со кои се остваруваат
3. начинот на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членувањето во здружението
4. правата, обврските и одговорностите на членовите
5. видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот и начинот на одлучување
6. застапување по закон
7. начинот на стекнување и располагање со средствата, донесување на финансиски и др.извештаи
8. начинот на остварување на јавност и отчетност во работата
9. начинот на донесување, изменување и дополнување на Статутот
10. начинот на одлучување за статусни промени и престанок на здружението
11. Знакот и симболот на здружението
12. внатрешни организациони форми
13. судир на интереси

14. начин на разрешување на спорни прашања
15. остварување на јавност во работата

**1. ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО:**

**Член 3**

Називот на здружението е: **Здружение на граѓани СВТ Алумни Скопје**
Скратен назив: **СВТ Скопје**

Седиштето на СВТ се наоѓа во Скопје, на ул.Емил Зола бр.9/2-20, а се организира и делува на подрачјето на целата територија на Република Македонија.

**2. ЦЕЛИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И ДЕЈНОСТИТЕ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ**

**Член 4**

Основните цели и задачи на СВТ се:

- Стимулирање, поддршка, лобирање, менаџирање, имплементација и развој на слободните иницијативи на Summer Work & Travel алумни студентите;
- Стимулирање и поддршка на отворената критика и критичко размислување;
- Стимулирање, креирање, менаџирање, имплементација и развој на современи механизми, активности, манифестации, проекти, програми и иницијативи во обезбедувањето на одржливост, постојаност и размена на позитивни искуства помеѓу Summer Work & Travel (SWT) алумни студентите;
- Стумулирање, лобирање, менаџирање, креирање и развој на соработка со медиумите, бизнис секторот, спонзор агенциите (од Македонија и САД), други невладини организации, фондации, асоцијации и остварување на меѓународна соработка
- Поддршка, созадавање и развој на соработка со органите на централната и локалната власт, меѓународни институции и организации, Американската амбасада и Американската влада
- Стимулирање, поддршка, имплементација и застапување на младинскиот позитивен имиџ, преку позитивните примери на SWT алумни студенти. Учество во решавање, надминување и задоволување на проблемите и потребите на новите потенцијални SWT студенти.
- Развој на мрежа на регионални ограноци, низ целата територија на Република Македонија, како самостојни организации во склоп на СВТ

**Член 5**

Овие цели и задачи здружението ќе ги остварува со организирање на семинари, манифестации, секции, конференции, саеми итн.

**3. НАЧИНОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ЗАКЛУЧУВАЊЕ, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕТО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 6**

Член на СВТ може да биде секое заинтересирано физичко лице кое во минатото било дел од програмата USA Summer Work & Travel или правно лице кое врши посредничка улога при процесот на спонзорирање на учесниците во програмата.

Членувањето е доброволно, поединечно или колективно.

Членувањето може да биде долготрајно со што се стекнува право на учество во органите на структурата на СВТ и краткотрајно за спроведување на одредени иницијативи, активности и проекти.

СВТ може да прогласи и почесни членови. Прогласувањето е со одлука на Извршниот одбор (ИО) по предлог на Претседателот на СВТ или на 5 членови на ИО со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Разрешување на почесен член може да биде донесено по истиот принцип како и прогласувањето.

**Член 7**

Зачленувањето во СВТ се врши со пополнување на пристапница и приложување на сертификат од завршената програма за физичките, односно со приложување на дозвола за вршење на посредувач за правните лица. Со исполнување на овие услови членовите добиваат членска картичка која при престанок на членувањето или при исклучување задолжително се враќа.

Пристапувањето кон СВТ се бележи во регистер на членови кој семестрално подлежи на ревизија од страба на ИО.

**Член 8**

Краткотрајното членство може да биде максимум до 12 месеци, додека долготрајното е неограничено.

Висината на чланарината се определува со посебна одлука од страна на ИО на СВТ. Чланарината за краткотрајното членство е за 50% пониска од чланарината за долготрајно членство.

**Член 9**

Членството престанува со истек на времето предвидено за краткотрајно членство, по сопствена иницијатива и со исклучување од СВТ

**Член 10**

Одлука за исклучување од членство во СВТ може да донесе ИО со двотретинско мнозинство или Собранието на предлог на Претседателот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

## 4. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

**Член 11**

Членовите во Здружението ги имаат следните права и обврски:

- редовно да ја плаќаат чланарината;
- да присуствуваат на состаноци;
- да земаат учество во спроведување на Програмата на активностите на Здружението.
- обврзани се да постапуваат и делуваат согласно моралните принципи и начинот на работење на здружението

## 5. ВИДОТ НА ОРГАНИТЕ И НИВНИОТ СОСТАВ, НАЧИНОТ НА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ, ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ И НАЧИНОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 12**

Со СВТ, непосредно или преку свои претставници во органите, управува организирано членство.

Органи на СВТ се:

1. **Собрание;**
2. **Извршен Одбор;**
3. **Надзорен Одбор.**

**Член 13**

Со Здружението раководи Претседател кој го претставува и застапува Здружението во јавноста.

Претседателот е од редовите на членовите на Здружението. Се избира по предлог на 1/5 од вкупниот број членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Мандатот на Претседателот трае 2 година со право на еден реизбор по завршување на првиот мандат.

**1) Собрание:**

**Член 14**

Собранието на СВТ го сочинуваат сите физички и правни лица - членови на Здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Со Собранието раководи Председавач кој е од редовите на членовите на Здружението, а е избран по предлог на Претседателот на Здружението со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

Мандатот на Претседавачот трае 1 година со право на два реизбора по завршување на првиот мандат.

**Член 15**

Седници на Собрание свикува Претседавачот на Собранието, по предлог на Претседателот на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако Претседавачот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Седница на Собранието за работа на Извршниот одбор може да се свика и по предлог на Надзорниот Одбор.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

За одржување на седницата на Собранието потребно е да присуствуваат половина од вкупниот број на членови.

**Член 16**

Собранието на СВТ од редовите на своите претставници избира Извршен одбор кој е извршен орган на Собранието, на редовни и вонредни собранија.

**Член 17**

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број претставници.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните претставници.

Во надлежност на Собранието е следното:

-го донесува Статутот на Здружението и врши измени и доплонувања на истиот;

-избира и разрешува членови на Извршниот и Надзорниот одбор;

-усвојува програмска ориентација за работа на Здружението за период од 4 години, операционизирано во годишните програми;

-го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;

-ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;

-донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Здружението;

-расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;

-донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;

-решава за формирање на ограноци на Здружението

-врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

За одржување на седницата на Собранието потребно е да присуствуваат половина од вкупниот број на членови.

**2) Извршен одбор**

**Член 18**

Извршниот одбор на Здружението е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

**Член 19**

Извршниот одбор на СВТ брои 7 члена.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 2 години.

Извршниот одбор од своите редови избира претседател со мандат од 1/2 години, со право на реизбор.

**Член 20**

Во надлежност на Извршниот одбор е следното:

- -ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- -донесува и реализира годишна програма за работа;
- -предлага измени и дополнување на Статутот;
- -донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- -свикува седници на Собранието и припрема материјали;
- -именува и разрешува секретар на Здружението;
- -донесува одлуки за формирање на постојни и повремени комисии, и ја насочува нивната работа;
- -организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- -донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- -донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- -дава согласност на Правилникот за организацијата на работите и работните задачи на стручната служба на Здружението;
- -донесува одлуки по приговори и жалби;
- -врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 21**

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Извршниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Извршниот одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување на Извршниот одбор може да поднесе една половина од Извршниот одбор, една третина од претставниците во Собранието, по предлог на надзорниот одбор и секретарот на Здружението.

Начинот на свикување на седницата и работењето на Извршниот одбор се уредува со Деловник за работа.

ИО ги донесува своите одлуки со апсолутно/двотрестинско мнозинство.

**3) Надзорен одбор**

**Член 22**

Заради извршување на статутарните и програмски задачи и одлуки на Собранието и Извршниот одбор, Извршниот одбор формира Надзорен Одбор и други работни тела.

Назорниот Одбор врши контрола над спроведувањето на одредбите на овој Статут и контрола за наменско располагање со средствата и приходите на Здружението.

Своите наоди и одлуки Надзониот Одбор ги доставува до Собранието и Извршниот одбор на Здружението.

Надзорниот Одбор се среќава по потреба, но најмалку два пати годишно.

**Член 23**

Надзорниот Одбор на СВТ брои 3 члена. Еден од нив е член на СТВ и се избира по предлог на ИО со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието. Останатите членови се надворешни. Прviот е претставник на Американската амбасада, а вториот претставник на Туристичките агенции спроведувачи на Summer Work & Travel програмата.

Мандатот на членовите на Надзорниот Одбор трае 2 години, без право на реизбор

**6.ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 24**

СВТ го претставува и застапува Претседателот на здружението.

Права и должности на претставникот се:

-да избира и да биде биран во органите на Здружението;

-да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;

-да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;

-да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и програмските активности;

-да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;

-да бара стручна и друга помош од областа.

**7. НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА, ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ И ДР. ИЗВЕШТАИ**

**Член 25**

СВТ остварува средства од:

- членарина;
- донации;
- буџет;
- провизии од органи, организации, заедници, од трговски друштва;
- и од други услуги (имотни права и сл.).

**Член 26**

Користењето и располагањето со средствата на СВТ добиени по основите од предходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и позитивните законски норми.

**Член 27**

За користењето и располагањето со средствата одлучува ИО по наредба на Претседателот, согласно надлежностите утврдени со овој Статут. ИО презема мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 28**

СВТ донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 24 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, заедничка потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работата на Здружението и други расходи поврзани со работата.

## 8. НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 29**

Работата на СВТ е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на: членовите, други здруженија/НВО, или пошироката јавност, за работењето и активностите на здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работа на органите и телата на СВТ, за материјално – финансиското работење и др.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користат печатените и електронските медиуми на територија на Р. Македонија.

## 9. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАСТУТОТ

**Член 30**

Одлука за измени и дополнивања на Статутот на здружението донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

## 10.НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ И ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 31**

За статусните промени на здружението одлука донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 32**

Здружението ќе престане со работа ако:

- за тоа одлучат членовите на Здружението,
- бројот на членовите се намали под бројот определен за основање,
- настапат причини утврдени во член 52 од Законот.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 33**

По престанокот на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на основачите.

## 11. ЗНАКОТ И СИМБОЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 34**

СВТ има свој печат и штембил. Печатот е во округла форма. Во средина се наоѓа амблемот на СВТ, горната половина го содржи целосното име на здружението: САД СВТ Алумни Македонија, а на долната половина е името на здружението на англиски јазик: USA SWT Alumni Macedonia.

Штембилот е во правоаголна форма, го содржи полното име на здружението на Македонски јазик, на долниот дел има место за дата и број на заверка.

## 12. ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ФОРМИ

**Член 35**

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението, се формира Стручна служба.

**Член 36**

Правата и обврските и одговорностите за работа на вработените во Стручната служба ги утврдува секретарот на Здружението во согласност со законските норми и Статутот.

**Член 37**

Средствата за работа на стручната служба се определуваат со Финансиски план секоја година и тоа: средства за плати, средства за заедничка потрошувачка, средства за материјални трошоци, средства за посебна намена за нормално извршување на функцијата.

**Член 38**

Со Стручната служба на Здружението раководи секретар.

Секретарот го именува и разрешува Извршниот одбор со мнозинство гласови.

Секретарот на стручната служба во исто време е и секретар на Здружението.

Секретарот правото од работен однос го остварува во Здружението, во Стручната служба, а за извршувањето на својата работа одговорен е пред Извршниот одбор.

**Член 39**

Права, обврски и надлежности на секретарот:

-секретарот на стручната служба раководи со работата на стручната служба,

-секретарот е работоводен орган и ги извршува сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи;

-секретарот е наредбодател и потписник на сметката на Здружението;

-секретарот е одговорен за извршувањето на Финансискиот план и Програмата за работа;

-се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Извршниот одбор;

-во правниот промет презема мерки и дејствија во име и за сметка на Здружението;
- се грижи за правилната примена на Законските прописи од областа на дејностите што ги врши Здружението;
-склучува договори, спогодби во име и за сметка Здружението.

## 13. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 40**

Членовите на Надзорниот одбор, во времето на нивниот мандат во Здужението, не можат да бидат членови на други органи врз чија работа вршат надзор.

Вработените во Здружението не можат да бидат членови на Надзорниот одбор.

## 14. НАЧИН НА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРНИ ПРАШАЊА

**Член 41**

Доколку дојде до спор внатре во здружението и помеѓу здружението и трети лица, истиот ќе биде разрешен по пат на спогодба. Во спротивно надлежен за решавање ќе биде Основен Суд Скопје II во Скопје.

## 15. ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 42**

Работата на СВТ е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на: членовите, други здруженија/НВО, или пошироката јавност, за работењето и активностите на здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работа на органите и телата на СВТ, за материјално – финансиското работење и др.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користат печатените и електронските медиуми на територија на Р. Македонија.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 43**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на СВТ, а помеѓу две собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**Член 44**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**Член 45**

Овој Статут влегува во сила со денот на негово донесување.

Претседател на СВТ Скопје

________________________________

Виктор Митевски